Врз основа на член 42 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија"број 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010,116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/2020), Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на Република Македонија" број 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014, 55/2016 и 64/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019) и Конкурсот од Министерство за образование и наука за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година во Република Северна Македонија од 31 март 2023 година, Училишната комисија за запишување на редовни ученици во прва година објавува

**И Н Т Е Р Е Н   О Г Л А С**
**за запишување на редовни ученици во I (прва) година**
**во СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен"- Скопје за**
**учебната 2023-2024 година**

Во Средното економско-правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски-Дрен"- Скопје, во учебната 2023/2024 година во I (прва) година ќе се запишат 476 ученици во 14 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

**Економско-правна и трговска струка - 476 ученици, 14 паралелки**

**- ЕКОНОМСКИ ТЕХНИЧАР- 136 ученици во 4 паралелки** со четиригодишно траење со **минимум 60 поени**, на македонски наставен јазик.
**- ПРАВЕН ТЕХНИЧАР- 238 ученици во 7 паралелки** со четиригодишно траење со **минимум 60 поени**, на македонски наставен јазик.
**- ТЕХНИЧАР ЗА Е-ТРГОВИЈА И ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ-102 ученици во 3 паралелки** со четиригодишно траење со **минимум 60 поени**, на македонски наставен јазик.

## I УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во учебната 2023/2024 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука и со овој Интерен оглас.

### 1. Условите за запишување на учениците во прва година се:

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за еден од профилите утврдени со овој Оглас;

- да ги исполнуваат критериумите утврдени со Огласот.

## 2. Критериуми за избор на учениците се:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката - математика и историја);
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката (математика и историја );
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

**За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени** (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

**За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети** (два наставни предмети задолжително за сите видови образование - мајчин јазик и странски јазик и два предмети што се значајни за струката - математика и историја) ученикот може да добие најмногу 20 поени ( 5 поени за секој предмет).

**За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:**

-за освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени.

-за освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.

**За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени.** ( Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

Доколку се пријаваат поголем број ученици од планираниот број предвиден во овој Оглас, а кои ги исполнуваат предвидените услови, ќе се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по наставните предмети **мајчин јазик и математика.**

Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно Огласот.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во училиштето ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Огласот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во училиштето.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија ( VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден, ако избраниот вид на образование (струка или профил) го има во општината односно регионот.

## II ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По објавувањето на ранг листата, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значајни за струката - историја и математика;
- извод од матична книга на родените ( без оглед на датумот на издавање).

## III КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

**- Првото пријавување** на учениците ќе се врши на **20 јуни до 24.00 часот** и на **21 јуни 2023 година до 15:00 часот**. Ранг листа на запишани ученици се објавува на **22 јуни 2023 година** на **https://e-uslugi.mon.gov.mk** и на интернет страната **www.mon.gov.mk** најдоцна до **09:00 часот.**

Доставувањето на потребената документација до училиштето е на **22 јуни од 12.00 до 19.00 часот** и на **23 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот**, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават **на 24 јуни 2023 година**, **најдоцна до 12.00 часот** на огласната табла на училиштето и на **www.mon.gov.mk.**

Доставувањето на документите за првото пријавување и запишување од страна на ученикот, односно родителот/старателот ќе биде според азбучен ред од презимето.

1. **На 22 јуни 2023 година**- приемот на документи ќе биде од **12:00 часот до 19:00 часот согласно следниот распоред:**

- од **12:00 часот до 13:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **А, Б, В, Г**
- од **13:00 часот до 14:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Д, Ѓ, Е, Ж**
- од **14:00 часот до 15:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **З, Ѕ И, Ј**
- од **15:00 часот до 16:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **К, Л, Љ, М**
- од **16:00 часот до 17:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Н, Њ, О,П, Р**
- од **17:00 часот до 18:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **С, Т, Ќ, У, Ф**
- од **18:00 часот до 19:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Х, Ц, Ч, Џ, Ш**

2. На **23 јуни 2023 година**, приемот на документи ќе биде од **07:00 часот до 19:00 часот согласно следниот распоред:**

- од **07:00 часот до 09:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **А, Б, В, Г,Д**
- од **09:00 часот до 11:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ**
- од **11:00 часот до 13:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **И, Ј, К, Л, Љ**
- од **13:00 часот до 15:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **М, Н, Њ, О, П**
- од **15:00 часот до 17:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Р, С, Т, Ќ, У**
- од **17:00 часот до 19:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ф, Х, Ц, Ч, Џ, Ш**

Доколку се пријават поголем број ученици од планираниот број предвиден во овој Оглас, а кои ги исполнуваат предвидените услови ќе се организира квалификационо тестирање во училиштето на 26 јуни 2023 година по предметите мајчин јазик и математика, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 26 јуни 2023 година**,** на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

- **Второто пријавување** на учениците ќе се врши на **27 јуни до 24.00 часот** и на **28 јуни 2023 година до 15:00 часот**. Ранг листа на запишани ученици се објавува на **29 јуни 2023 година на** https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната **www.mon.gov.mk** најдоцна **до 09:00 часот**.

Доставувањето на потребената документација до училиштето е на **29 јуни од 12.00 до 19.00 часот** и на **30 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот**, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **1 јули 2023**

**година,** најдоцна **до 12.00 часот** на огласната табла на училиштето и на **www.mon.gov.mk.**

Доставувањето на документите за второто пријавување и запишување од страна на ученикот, односно родителот/старателот ќе биде според азбучен ред од презимето.

1. **На 29 јуни 2023 година**- приемот на документи ќе биде од **12:00 часот до 19:00 часот согласно следниот распоред:**

- од **12:00 часот до 13:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **А, Б, В, Г**
- од **13:00 часот до 14:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Д, Ѓ, Е, Ж**
- од **14:00 часот до 15:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **З, Ѕ И, Ј**
- од **15:00 часот до 16:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **К, Л, Љ, М**
- од **16:00 часот до 17:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Н, Њ, О,П, Р**
- од **17:00 часот до 18:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **С, Т, Ќ, У, Ф**
- од **18:00 часот до 19:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Х, Ц, Ч, Џ, Ш**

2. На **30 јуни 2023 година**, приемот на документи ќе биде од **07:00 часот до 19:00 часот согласно следниот распоред:**

- од **07:00 часот до 09:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **А, Б, В, Г,Д**
- од **09:00 часот до 11:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ**
- од **11:00 часот до 13:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **И, Ј, К, Л, Љ**
- од **13:00 часот до 15:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **М, Н, Њ, О, П**
- од **15:00 часот до 17:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Р, С, Т, Ќ, У**
- од **17:00 часот до 19:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ф, Х, Ц, Ч, Џ, Ш**

Доколку се пријават поголем број ученици од планираниот број предвиден во овој Оглас, а кои ги исполнуваат предвидените услови ќе се организира квалификационо тестирање во училиштето на 3 јули 2023 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 3 јули 2023 година, на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

- За учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштето доколку има слободни места после јунскиот рок.

Пријавување на учениците ќе се врши на **21 август до 24.00 часот**. Ранг листа на запишани ученици се објавува на **22 август 2023 година** на **https://e-uslugi.mon.gov.mk** и на интернет страната www.mon.gov.mk најдоцна до **09:00 часот**.

Доставувањето на потребената документација до училиштето е на **22 август од 10.00 до 19.00 часот,** согласно изготвен распоред од страна на училиштето.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ќе се објави на **23 август 2023 година,** најдоцна до **12.00 часот** на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Доставувањето на документите за пријавување и запишување од страна на ученикот, односно родителот/старателот ќе биде според азбучен ред од презимето.

1. На **22 август 2023 година**, приемот на документи ќе биде од **10:00 часот до 19:00 часот** согласно следниот распоред:

- од **10:00 часот до 12:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **А, Б, В, Г, Д, Ѓ,**
- од **12:00 часот до 14:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј**
- од **14:00 часот до 16:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **К, Л, Љ, М, Н, Њ**
- од **16:00 часот до 17:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **О, П, Р, С, Т**
- од **17:00 часот до 18:00 часот**-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ќ, У, Ф, Х**
- од **18:00 часот до 19:00** часот-прием на документи за ученици чиешто презиме почнува на буквите **Ц, Ч, Џ, Ш**

**По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

## IV ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Изборот и запишувањето на учениците се врши врз основа на конечна ранг листа според вкупниот број на поени што се пресметуваат одделно за секој ученик - кандидат;
- Вкупниот број поени се утврдува според критериумите за избор наведени во точка I потточка 2 .

## V РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОР

- Учениците и нивните родители односно старатели имаат право на приговор во рок од 12 часа по истакнувањето на конечната ранг листа, а

училишната комисија ги решава приговорите од учениците по конечната ранг листа, во рок од 12 часа по истакнувањето на истата.

## VI РОК ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА НЕЗАПИШАНИТЕ УЧЕНИЦИ

**- По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа од 07:00 часот до 19:00 часот,** а училиштето има обврска да ја врати целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.

- Доколку учениците кои не се запишани во училиштето не ја подигнат целокупата доставена документација поднесена во училиштето во горенаведениот рок, истата ќе биде вратена по пошта (препорачано).

**Скопје, април 2023 година**

**Претседател на**
**Училишна комисија,**
**м-р Тања Јовановска**